**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ„ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Бр. 0202-813/2**
**28.10. 2013 година**

Врз основа на чл. 51 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарски факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканската управа на својата седница, одржана на ден **28.10.2013 год**. донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на листа на информации од јавен карактер**
**од надлежност на Шумарскиот факултет во Скопје**
**во состав на Универзитетот**
**„Св. Кирил и Методиј " - Скопје**

**1.** Се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон, Шумарскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст Факултетот), како што следи:

**-Акти на органите на Факултетот**
*( достапни во Универзитетскиот гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на ВЕБ страната на факултетот и на огласната табла на Факултетот)*

**-Информации за наставниот и административен кадар и членови на органите и телата на Факултетот**
*( достапни на ВЕБ страната на Факултетот, во Стручната служба на Факултетот, делумно во Информаторот за студентите и во Извештаите за Државниот завод за статистика, за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и за Министерството за образование и наука)*

**-Соопштенија до јавноста за разни тековни активности во врска со работата на Факултетот**
*(достапни на ВЕБ страната и на огласната табла на Факултетот)*

**-Годишни извештаи**
*(достапни во публикации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје)*

*Настава*

**- Разни Извештаи за запишани студенти на прв и втор циклус на образование**
*( достапни во Извештаите за Државниот завод за статистика и Извештаите за УКИМ)*

**- Студиски и предметни програми за прв и втор циклус на образование**
*(достапни на ВЕБ страната на Факултетот и во Информаторот за студентите)*

**- Распоред на предавања и вежби, распоред на испити, како и резултати од испити**
*(достапни на ВЕБ страната и на огласната табла на Факултетот )*

***Меѓународна соработка***

**- Договори за меѓународна соработка**
*(достапни во Архивата на Факултетот и во Универзитетскиот гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје)*

***Научно-истражувачка дејност***

**- Проекти**
*(достапни на ВЕБ страната на Факултетот ив о Архивата на Факултетот)*

***Издавачка дејност***

**- Изданија на Факултетот**
*( достапни во Библиотеката на Факултетот )*

***Финансиско и материјално работење***

**- Годишен извештај за финансиското и материјално работење**
*(достапни во Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и Министерството за образование и наука)*

**2.** Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации по член 6 од Законот.

**3.** Листата на информации се објавува на ВЕБ страната на Факултетот, како и на огласната табла.

**4.** Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Доставено до :**
- ВЕБ страната на Факултетот
- Секретар
- Сметководство
- Огласна табла на Факултетот
- Архива

**ДЕКАН**

**проф. д-р Јане Ацевски**